# Службен гласник

| Број 35 | Понеделник,10.08. 2015 год. |
|---|---|

## на Општина Кавадарци

| **С О Д Р Ж И Н А** | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за одредување на приоритетен проект; | **2** |
| Одлука за одредување на приоритетен проект; | **2** |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата; | **3** |
| Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата; | **4** |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2015 година; | **5** |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2015 година; | **6** |
| Решение за објавување на Одлука за проширување на програмите за вршење на дејноста во објект во с.Ваташа , Општина Кавадарци, кој ке функционира во состав ЈОУДГ”Рада Поцева” Кавадарци – Општина Кавадарци; | **6** |
| Одлука за проширување на програмите за вршење на дејноста во објект во с.Ваташа , Општина Кавадарци, кој ке функционира во состав ЈОУДГ”Рада Поцева” Кавадарци – Општина Кавадарци; | **7** |
| Решение за објавување на Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот”Ваташки цветови” на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „ Рада Поцева” Кавадарци; | **8** |
| Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот”Ваташки цветови” на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „ Рада Поцева” Кавадарци; | **8** |
| Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-664/3 од 31.07.2015 година на Управен Одбор на ЈП ”Комуналец” Кавадарци | |

| | |
|---|---|
| Одлуката за давање на согласност на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-664/3 од 31.07.2015 година на Управен Одбор на ЈП ”Комуналец” Кавадарци | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одредување на приоритетен проект**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одредување на приоритетен проект, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.08.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3813/1**
**10.08.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 07.08.2015 година, донесе :

**ОДЛУКА**

**за одредување на приоритетен проект**

**Член 1**

Се одредува Проектот ..Изработка на урбанистички планови за населените места – с.Брушани, с.Ресава, с.Дабниште, с.Бегниште, с.Раец, сБојанчиште и с.Рожден” како приоритетен проект на Општина Кавадарци за аплицирање по јавниот повик за користење на средства од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година , мерка 322.

**Член 2**

Проектот опфаќа урбанизација на населените места, с.Брушани 85.28 хектари, с.Ресава со вкупна површина од 82 хектари, с.Дабниште со вкупна површина од 14.86 хектари, с.Бегниште со вкупна површина од 26,26 хектари, с.Раец со вкупна површина од 10,1 хектар, с.Бојанчиште со вкупна површина од 10,99 хектари и с.Рожден со вкупна површина од 19,22 хектари. Вкупната површина за урбанизација за населените места – села изнесува 248.71 хектари. Потребните средстава за изработка на урбанистичките планови се со вкупен износ од 9,226.553,57 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат во целост од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма ГА, а ќе бидат рефундирани по одобрување на проектот и прифатливите трошоци од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот равој .

**Член 4**

Со донесувањето на ова Одлука, престанува да важи Одлуката со број: 08-2786/3.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во Сужбен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр. 08-3672/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.08.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.08.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3813/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.08.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 07.08.2015 година, донесе :

## ОДЛУКА
**За давање согласност за намената на инвестицијата**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „Изработка на урбанистички планови за населените места – с.Брушани, с.Ресава, с.Дабниште, с.Бегниште, с.Раец, с.Бојанчиште и с.Рожден".

**Член 2**

Проектот опфаќа урбанизација на населените места, с.Брушани 85.28 хектари, с.Ресава со вкупна површина од 82 хектари, с.Дабниште со вкупна површина од 14.86 хектари, с.Бегниште со вкупна површина од 26,26 хектари, с.Раец со вкупна површина од 10,1 хектар, с.Бојанчиште со вкупна површина од 10,99 хектари и с.Рожден со вкупна површина од 19,22 хектари. Вкупната површина за урбанизација за населените места – села изнесува 248,71 хектари. Потребните средстава за изработка на урбанистичките планови се со вкупен износ од 9,226.553,57 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат во целост од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма, а ќе бидат рефундирани по одобрување на проектот и прифатливите прошоци од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот равој .

**Член 4**

Со донесувањето на ова Одлука, престанува да важи Одлуката со број: 08-2786/4.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр. 08-3672/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.08.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот**
**на Општина Кавадарци за 2015 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.08.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3813/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.08.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 84 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ бр.17/2011,53/2011,144/2012,153/2012, 25/2013,15/2015 ),а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весникна РМ„бр.38/11,93/11,65/12,75/12 , 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14),член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа

(„Сл.весникна РМ „бр.5/02),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(„Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 07.08.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2015 ГОД.(четврта измена)**

Во Програмата бр.07-5805/1 од 22.12.2014(„Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.26/2014,бр.28/2015и бр.32/2015) се врши следното изменување и дополнување :

1. Во глава **V** Извори на финансирањето на Програмата и распределба, во табелата, под ред.бр.4 Средства од Буџетот на Општината – даноци , износот од 49.410.000,00 ден. се заменува со износ од 53.410.000,00.

Вкупната вредност на приходите се менува од 148.186.000,00 денари на износ од 152.186.000,00 ден.

2. Во глава Расходи – **Изградба на Јавни објекти** се менува:

Позиција 6 Изградба на катна гаража се менува износот од 14.100.000,00 денари на вредност од 9.100.000,00 денари.

Позиција 12 „Западен Булевар„ - асфалтирање, вредноста од 7.800.000,00 денари се менува во 16.000.000,00 денари.

Вкупната вредност за изградба на Јавни објекти се менува од 54.902.000,00 денари на вредност од 58.902.000,00 денари.

**ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР на Програмата се менува и гласи:**

| | | |
|---|---|---|
| А. | Изградба на улици, реконструкција на улици и др.објекти по МЗ | 48.150.000,00 |
| Б. | Изградба на објекти по селски МЗ | 8.800.000,00 |
| В. | Објекти од општ интерес | 58.902.000,00 |
| Г. | Други комунални услуги | 36.334.000,00 |
| | СЕ: | 152.186.000,00 |

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на "Општина Кавадарци".

**Бр. 08-3672/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.08.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за проширување на програмите за вршење на дејноста во објект во с.Ваташа , Општина Кавадарци, кој ке функционира во состав ЈОУДГ”Рада Поцева” Кавадарци – Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за проширување на програмите за вршење на дејноста во објект во с.Ваташа , Општина Кавадарци, кој ке функционира во состав ЈОУДГ”Рада Поцева” Кавадарци – Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.08.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3813/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.08.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02“), член 82 став 1 точка 43 од Статутот на општина Кавадарци (Службен Весник на општина Кавадарци бр. 8/05) а во врска со член 99 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14,144/14, 10/15 и 25/15), и по добиеното мислење од Министерството за труд и социјална политика кое се однесува на проширување на програмите на дејноста на Јавна установа за деца – Детска градинка “Рада Поцева”, Кавадарци број 11-6947/1 од 30.07.2015 година, Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 07.08.2015 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За проширување на програмите за вршење на дејноста во објект во с. Ваташа, општина Кавадарци, кој ќе функционира во состав на Јавната установа за деца - Детска градинка „Рада Поцева “ Кавадарци, општина Кавадарци „

**Член 1**

Одлуката се донесува за проширување на програмите за вршење на дејноста во објект во с. Ваташа, со седиште на ул. “Диме Чекоров” во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Рада Поцева“- општина Кавадарци, со седиште на ул. “Браќа Џунови бр.11”, Кавадарци.

**Член 2**

За функционирањето на објектот во с. Ваташа, општина Кавадарци, кој ќе функционира во состав на Јавната установа за деца - Детска градинка „ Рада Поцева “ Кавадарци, ќе се обезбедат финансиски средства од страна на буџетот на Република Македонија преку блок дотациите и паричниот надоместок од престојот на децата .

**Член 3**

Во објекот ќе се спроведува програма за рано учење и развој со целодневен престој.
Според времетраењето програмата ќе се остварува од 11 до 12 часа.
Згрижувањето и воспитанието на децата ќе се реализира во 2 (две) групи кои ќе бројат вкупно до 40 деца.

**Член 4**

Називот на објектот с. Ваташа, општина Кавадарци, кој ќе функционира во состав на Јавната установа за деца - Детска градинка „Рада Поцева “ Кавадарци ќе гласи: „Ваташки цветови“.

**Член 5**

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14,136/14 и 71/15“).

**Член 6**

Општина Кавадарци како основач на ЈОУДГ „ Рада Поцева“ ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од надлежното Министерство за отпочнување со работа на објектот.

**Член 7**

Директорот на ЈОУДГ „Рада Поцева “ општина Кавадарци се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општината Кавадарци.

**Бр. 08-3672/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.08.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од

Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за **објавување на Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот"Ваташки цветови" на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „ Рада Поцева" Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот"Ваташки цветови" на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „ Рада Поцева" Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.08.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3813/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.08.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.05/2002) , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавдадарци"бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана ден 07.08.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење, одржување и управување на објектот"Ваташки цветови" на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Рада Поцева" Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на Објектот„Ваташки цветови" во с. Ваташа на Јавната општинска установа за деца –Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци, како и други прашања во врска со функционирањето на објектот (во понатамошниот текст : објект "Ваташки цветови").

**Член 2**

Објектот "Ваташки цветови" во с. Ваташа е изграден од средства од Буџетот на општината и е сопственост на Општина Кавадарци.

**Член 3**

Објектот "Ваташки цветови"ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца –Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци.

Јавната општинска установа за деца –Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на објектот и опремата во истиот, на Јавната општинска установа за деца –Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци, ќе се состави записник.

**Член 4**

Јавната општинска установа за деца –Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Директорот на Јавната општинска установа за деца –Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци се обврзува да ги превземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-3672/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.08.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-664/3 од 31.07.2015 година на Управен Одбор на ЈП "Комуналец" Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на согласност на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-664/3 од 31.07.2015 година на Управен Одбор на ЈП "Комуналец" Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.08.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3813/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.08.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ " бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 07.08.2015 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлуката**
**за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-664/3 од 31.07.2015 година**
**на Управен Одбор на ЈП "Комуналец" Кавадарци**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци дава согласност на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-664/3 на Управен Одбор на ЈП "Комуналец" Кавадарци донесена на ден 31.07.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-3672/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.08.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**